РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ
MINISTRIA E SPORTIT
Бр.-Nr. 04-878/8
04-06-2025 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и 45 став 1 од Закон за административни („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас бр. 203/25 од Агенција за администрација бр. 10-856/8 од 03.06.2025 година, министерот за спорт на ден 04.06.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за избор кандидат за административен службеник по јавен оглас бр.203/25**

1. За извршител на работно место УПР0101Б02000 Раководител на сектор за спортски објекти се избира

   - Зоран Исајловски, со идентификациски код **А4394ЕС**

2. Именуваниот/та ќе биде вработен/а на работното место од точка 1, по конечноста на оваа одлука , за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрацијата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение од директорот на Агенцијата за администрација со архивски бр. 10-856/3 од 02.05.2025 година во функција на спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по јавниот оглас за вработување на административен службеник бр. 203/25 објавен на 26.04.2025 година објавен во дневните весници Коха, Нова Македонија и Вечер и на интернет страницата на Агенција за администрација, спроведе постапка за административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојноста на доказите и интервју.

По завршување на наведените постапки и добиените резултати, комисијата подготви единствена ранг листа и предлог кандидат за вработување на работно место УПР0101Б02000 Раководител на сектор за спортски објекти, 1 (извршител).

Врз основа на предлогот, за вработување на кандидат, министерот за спорт изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

***Правна поука:*** *Против оваа одлука, за избор на незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрацијата.*

**МИНИСТЕР**
**Борко Ристовски**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ - MINISTRIA E SPORTIT
Скопје - Shkup

Доставено до:

- Агенција за администрација
- СПОР/ОЧР
- Архива